# ИГРАМЕ ИГРИ

## СО ДИСО



FACE
FAMILIES AND
CHILDREN
IN EDUCATION

# Поттикнување на личниот развој преку игри

Играњето игри е многу важен дел од програмата ДИСО бидејќи помага при развивањето на самосвеста, социјалните компетенции, групната соработка и физичкиот развој.

Во училиштето, игрите не се користат само за да се пополни времето помеѓу различните активности, туку тие се користат и на почетокот и/или на крајот на наставните часови. Некои од игрите може да се користат и во двете пригоди бидејќи се сметаат како средно ниво на активирање на учениците.

Игрите кои се претставени во ДИСО, поттикнуваат на соработка во групи, соработка меѓу партнери, меѓусебно запознавање, самосвесност и подобрување на физичките способности. ДИСО игрите кои се означени со иконката со зајак се наменети за активирање на групата, а оние кои се означени со иконката со полжав се погодни за смирување на групата.

Сите игри од програмата ДИСО може да се користат во различни културни средини, но наставниците треба да адаптираат некои од игрите соодветно на културната средина од која потекнуваат учениците (на пр. за време на игрите во кои има физички контакт, мешање или двоење според полот итн.)

PH ZH
IPE – INTERNATIONAL PROJECTS IN EDUCATION
ZURICH UNIVERSITY OF TEACHER EDUCATION

Издадено во 2017
Универзитет за образование на наставници Цирих,
Центар за Интернационални проекти во образованието - IPE
www.phzh.ch/ipe

# СОДРЖИНА

Игри за активирање, почеток на часот

Игри за смирување, крај на часот

## 1 Да се запознаеме


Звуци од животни 4
Пишување на грб 4
Топка за довидување 5
Игра за поздравување 5
Јас сум животно 6
Поздрави од Марс 6
Пајак во мрежа 7
Викни прасе викни 7
Што се смени? 8
Што е различно? 8
Што е црвено? 9
Кој е тоа? 9
Кој од вас може? 10
Кој седи до мене? 10


## 2 Соработка во група


Миење на автомобили 11
Плесни со дланките на под 11
Плеско 12
Овошна салата 12
Мачка и мачиња 13
Роботи и механичари 13
Расипано јајце 14
Тајна порака 14
Тивкиот шепот 15
Сајмон вели 15
Да си седнеме во скут 16
Музичката змија 16
Каде е богатството? 17


## 3 Соработка во пар


Пишување на грб 18
Биди мое огледало 18
Да ги поминеме препреките 19
Немој да се смееш 19
Јас сум твојата сенка 20
Правење колачиња 20
Скулптор и скулпторка 21


## 4 Самосвесност


Погоди како се чувствувам 22
Лансирање на ракета 22
Грмотевица 23
Топли сончеви раце 23


## 5 Физички активности


Програма за фитнес на чувствата 24
Глава и рамена 25
Буткање на кутии 27
Камена Боциа 28
Фрлање топки во кутија 30

# 1
# ДА СЕ ЗАПОЗНАЕМЕ

## Звуци од животни

Децата седат во круг. Едно од децата е во средината на кругот со топка во рацете. Ја фрла топката кон друго дете и кажува име од животно. Детето во кругот мора да го направи звукот кој што го прави животното. Ако не успее да го направи звукот тогаш си ги заменуваат местата со детето во средината на кругот.



## Пишување на грб

Две деца играат заедно. Едното од нив седи пред другото завртено со грб. Детето кое седи назад почнува да црта некоја форма на грбот на другото дете (на пр. срце, круг, триаголник итн.). Другото дете треба да погоди која е формата. Потоа си ги заменуваат местата.



1

ДА СЕ ЗАПОЗНАЕМЕ

## Топка за довидување

Сите деца стојат во круг. Едно од децата ја држи топката. Детето со топката намигнува на некое од другите деца и кажува „Довидување, Кате!“ Кате ја фаќа топката и ја подава кон друго дете кажувајќи „Довидување Анка!“ Кате го напушта кругот. Останатите деца продолжуваат со играта. Играта завршува кога нема да остане ниту едно дете во кругот.

## Игра за поздравување

Децата се движат наоколу во собата. Свири музика. Кога ќе застане музиката, децата треба да престанат да се движат и почнуваат да се поздрават меѓу себе користејќи ракување, плескајќи со рацете, плескајќи со едната рака во раката на друг ученик, користејќи го само малиот прст, допирајќи го носот на другиот ученик итн. Децата се движат наоколу во собата. Кажуваат „Моето име е...“, Пред да започне музиката наставникот им кажува на која страна треба да се движат.

## 1
## ДА СЕ ЗАПОЗНАЕМЕ



### Јас сум животно

Наставникот подава мека топка кон едно од децата. Детето се претставува, на пр. „Јас сум смешен тигар. Моето име е...“ (децата може да измислат имиња или да го кажат своето вистинско име). Детето може да направи и звук. Можат да се движат низ собата и да го имитираат животното.



### Поздрави од Марс



1. Децата седат во круг. Наставникот ги прашува за начини на поздравување кои се користат во другите земји. Ако децата не можат да се сетат на други начини, тогаш наставникот може да им го каже Поздравот „Ваи“ од Тајланд: Ги притискате дланките една од друга и ги поставувате пред градите потоа благо ја наведнувате главата надолу.
2. Потоа наставникот прибира нови начини на поздрав од децата: „како поинаку може да поздравите некого? Како мислите дека би се поздравиле вонземјаните?“
3. потоа децата се делат во парови и смислуваат нови начини за поздрав кои би ги користеле измислените луѓе од планетата Марс. Секој пар може да измисли три нови начини на поздравување.
4. Децата повторно седат во круг. Паровите ги Презентираат нивните „Поздрави од Марс“ во средина на кругот. Кога ќе заврши едниот пар наредниот пар доаѓа во средина на кругот.

## Пајак во мрежа

Сите деца седат во круг. Сите заедно ја прават пајаковата мрежа. Едно дете седи во средина со превез на очите и го претставува пајакот. Сите деца се тивки, а наставникот дава мало ѕвонче на едно од нив. Детето го фрла ѕвончето во кругот. Пајакот треба да лази низ мрежата и да го најде ѕвончето. Откако ќе го најде, друго дете влегува во кругот на неговото место. Играта почнува од почеток.

## Викни прасе викни

Децата седат во круг. Наставникот одбира едно од нив за да биде „фармер“. Сите други деца се „прасиња“. Фармерот има превез на очите и стои на средина. Потоа фармерот се врти во круг три пати и почнува да се движи. Фармерот седнува во скут кај едно од „прасињата“ и кажува „Викни прасе, викни!“. Кога прасето ќе испушти звук, фармерот треба да го погоди името на детето. Ако фармерот го погоди името тогаш прасето станува фармер. Ако не го погоди тогаш истиот фармер се врти повторно и седнува во скутот на друго прасе.



## Што се смени?

Децата седат во круг. Сите деца треба да погледнат наоколу и да го запомнат најдобро што можат редоследот по кој се седнати. Наставникот одбира едно дете кое ја напушта училницата. Две од децата во кругот си ги заменуваат местата. Потоа детето повторно влегува во училницата. Гледа наоколу и се обидува да дознае кои две деца си ги замениле позициите на седење. Потоа се одбира друго дете да ја напушти училницата и играта продолжува.



## Која е разликата?

Две деца стојат свртени едно кон друго. Се набљудуваат меѓу себе многу внимателно. Едно од децата се врти на другата страна, а другото дете менува нешто на својот изглед на пр. косата, парче облека итн. Првото дете треба да погоди која е разликата. Наставникот дава знак кога првото дете може повторно да се сврти кон второто итн. По две или три погодувања децата ги менуваат партнерите.



# 1
# ДА СЕ ЗАПОЗНАЕМЕ

## Што е црвено?

Децата седат во круг. Едно од нив држи топка и ја подава кон друго дете прашувајќи го „Што е црвено?“. Детето кое ќе ја фати топката на пример вели „Доматите се црвени.“ Потоа ја подава топката на друго дете и го прашува за друга боја, на пр. „Што е сино?“ детето кое ќе ја фати топката може да каже „Небото е сино.“ Додека трае играта децата смеат да прашаат за иста боја но одговорот треба да биде различен.



## Кој е тоа?

Сите стојат во круг. Наставникот почнува да опишува некое од децата на пр. „Гледам некој со кафена коса, носи црвена блуза и бели чевли“. Детето кое е опишано е следно и почнува да опишува некое од другите деца во кругот.









## Кој од вас може?

Сите деца стојат во круг. Наставникот дава изјава за одредена активност која може да ја прави на пр. „Јас можам да играм фудбал". Сите деца кои можат да играат фудбал одат во средина на кругот. Кога дава примери наставникот мора да внимава да избере активности за машките и за девојчињата. Варијации: Наставникот може да користи и интересни способности. Како последна изјава за играта наставникот може да каже „Можам да правам музика со помош на моето тело, со чаша вода итн."

## Кој седи до мене?

Сите деца седат на столчиња во круг. Едно од столчињата е празно. Детето кое седи лево од празното столче ја кажува следнава реченица: „Местото десно од мене е слободно, сакам ... да дојде до мене". Детето кое е избрано доаѓа и седнува на празното столче до првото дете. Потоа детето кое седи од лево до новото празното столче ја кажува истата реченица. Наставникот мора да внимава сите деца да учествуваат во играта подеднакво.



## Миење на автомобил

Оваа игра се игра без зборување. Децата застануваат еден до друг рамо до рамо. Детето на крајот од редот е „автомобилот“ кој треба да биде измиен. Детето се движи пред редот свртено со грб. Останатите деца се четките за миење. Тие го масираат, милуваат, потчукнуваат итн. грбот на детето кое е автомобил. Удирање, силно скокоткање или било какво насилно движење не е дозволено. Кога ќе стигне до другиот крај на редот, „автомобилот“ е чист и доаѓа ред на следното дете да биде „автомобил“.

## Плесни со дланките на под

Децата се клекнати и со дланките на под формираат круг. Едната рака на соседното дете се позиционира помеѓу двете раце на детето до него, притоа формирајќи форма која личи на патент. Потоа едно од децата треба со една рака да плесне на подот, по него следи детето до него итн. Децата треба да гледаат во своите раце и во рацете на децата кои се до нив и да се координираат. Откако децата ќе ја извежбаат оваа игра неколку пати потоа може да се воведе нов ритам: кога едно од децата ќе плесне со раката два пати на под насоката на движење треба да се смени.



## Плеско

Сите деца стојат во круг. Наставникот во своите раце држи невидливо мало животно: „Неговото име е Плеско. Плеско ќе кружи наоколу во кругот, а ние треба да го фатиме“. Наставникот започнува со едно плескање со рацете. Детето кое стои до него продолжува, па наредното до него се додека не стигне редот повторно до наставникот. Потоа наставникот плеснува два пати со рацете. Кога ќе плесне два пати по ред се менува насоката на движење на ракоплескањето. Целта на играта е да му се дозволи на Плеско да се движи што е можно подолго низ кругот.



## Овошна салата

Децата седат во круг на столчиња. Наставникот назначува разни типови на овошје на групи (на пр. 5 од децата се јагоди, 5 се јаболка, 4 се банани итн.). Едно од децата е избрано да влезе во средина од кругот, а неговото столче се трга настрана. Сега наставникот извикува на глас две од овошјата на пр. јагоди и јаболка. Децата од двете групи си ги заменуваат местата на седење. За тоа време детето кое е во средина на кругот се обидува да најде столче за да седне. Тоа дете кое ќе остане без столче за седење останува во средина на кругот. Ако наставникот викне „овошна салата“ сите деца треба да станат и да си ги заменат местата.

  

## Мачка и мачиња

Едно дете е „мајката мачка“ и чека во некој од аглите од училницата. Во друг агол од училницата се другите деца кои (или наставникот) назначуваат едно од децата да биде „маче“. Сите деца се движат како мачки низ училницата. Од време на време „мачето“ треба да каже „мјау“. Мајката мачка треба да си го најде мачето. Кога ќе го најде ги известува сите. Потоа друго дете може да биде мајката мачка.






## Роботи и механичари

Наставникот ги дели децата на многу роботи и само неколку механичари (на пр. 15 роботи и 5 механичари). Роботите можат да се движат само нанапред. Кога ќе удрат во пречка, почнуваат да испуштаат звуци како роботи „бип“. Потоа механичарите треба да ги свртат на другата страна за да можат да продолжат да се движат. Задача на механичарите е да им овозможат на роботите непречено да се движат.

## Расипани јајца

Сите деца стојат во круг. Едно од децата (А) може да го напушти неговото место, да истрча надвор од кругот и да фрли некој предмет – расипано јајце- (марамче или хартиена топка) зад некое од децата (Б). Б треба да реагира најбргу што може и да почне да трча по детето кое го фрлило предметот (А). Ако Б го фати А, тогаш А треба да ја повтори истата процедура. Ако А успее да седне на местото на Б во кругот тогаш Б го напушта кругот и треба да трча и да го фрли предметот зад некое друго дете.



## Тајна порака

Децата стојат во круг. Наставникот му шепнува тајна порака на едно од децата, детето ја шепнува на тој до него и така натаму се додека пораката не стигне до крајот од кругот. Последното дете ја кажува пораката на глас. Дали е точна? По првиот круг, децата сами кажуваат пораки. Повторете ја играта неколку пати.



## Тивкиот шепот

Децата седат во круг. Наставникот му шепнува кратка реченица на детето кое стои до него. Детето треба да ја пренесе реченицата на следниот со шепот итн. Пораката треба да стигне до последното дете во кругот кое ја кажува реченицата гласно пред сите. Ќе биде забавно да се види како се има изменето пораката. Потоа наставникот назначува едно од децата да го започне тивкиот шепот со друга реченица.

## Сајмон вели

Сите деца стојат во круг. Наставникот кажува: „Сајмон вели да плеснете со рацете." Сите деца плеснуваат со рацете. Наставникот кажува: „Сајмон вели, скокајте горе долу." Децата скокаат. Наставникот вели: „Седнете долу." Децата остануваат да стојат.

Децата извршуваат одредени активности само кога наставникот ќе ја започне реченицата со „Сајмон вели".

Потоа, неколку од децата можат да го заменат наставникот.

## Да си седнеме во скут

Сите деца стојат во круг. Сите деца се вртат кон десно и гледаат во грбот на детето до неа/него. Потоа се приближуваат еден до друг/друга многу блиску и кога наставникот ќе изброи до три седнуваат на колената на детето зад нив. Кога сите ќе бидат седнати се обидуваат така да се движат.



## Музичката змија

Сите деца застануваат во редица за да формираат долга „змија". Штом ќе започне музиката, „змијата" почнува да се движи. Детето на почетокот од змијата почнува да се движи, да скока, да лази да оди на прсти итн. Останатите деца ги имитираат движењата. Кога музиката ќе запре детето на почетокот од редицата оди назад на крајот и следното дете по него застанува на почетокот од редицата.



## Каде е богатството

Децата стојат блиску едно до друго во круг. Рацете им се поставени на грбот. Едно дете е во средина на кругот и си ги покрива очите со рацете. Наставникот го дава богатството (клучеви, топка, итн.) на едно од децата во кругот. Детето во средина ги отвара очите. Другите деца си го подаваат богатството зад грб едно на друго без притоа да прават голема врева. Детето во средина треба да погоди и покаже каде се наоѓа богатството. Кога ќе погоди она дете кај кое што било богатството доаѓа на средина во кругот и ги затвара очите. Играта се повторува.



3

## СОРАБОТКА ВО ПАР

### Пишување на грб

Две деца играат заедно. Едното од нив седи пред другото. Детето кое седи назад почнува да црта форма на грбот на другото дете (на пр. срце, круг, триаголник итн.). Другото дете треба да погоди која е формата. Потоа си ги заменуваат местата.



### Биди мое огледало

Две деца стојат свртени едно кон друго. Едно од нив прави некое движење (на пр. плеснува со рацете или тропнува со нозете). Другото дете треба да биде огледалото и да го направи истото движење. Потоа првото дете прави некое друго движење. Огледалото треба да го повтори истото. По неколку движења наставникот им кажува на децата да си ги заменат улогите. Сега другото дете е огледалото.



## Да ги поминеме пречките

Наставникот подготвува мали препреки во училницата. На пример, препреки со столчиња, протнување под маса, рипнување преку нацртана линија, одење по права линија итн. Децата ги поминуваат препреките во парови. Едно од децата има превез на очите, другото дете треба да го води првото преку препреките. Може да се користи и училишниот двор. Оваа игра може да се игра и надвор. По некое време децата си ги менуваат местата.



## Немој да се смееш

Две деца седат едно спроти друго.
Кој може да издржи подолго без да се насмее?
Предизвикот станува потежок кога и двете деца ќе почнат да прават смешни гримаси.



## Јас сум твојата сенка

Децата работат во парови и стојат едно зад друго. Се додека свири музика, детето кое стои одзади мора да биде сенката на пр. да ги имитира сите движења на детето пред него. Движењата треба да се имитираат што е можно најпрецизно. По две минути децата си ги заменуваат местата.



## Правиме колачиња

Две деца играат заедно. Едно од нив седи, а другото стои зад него. Наставникот дава инструкции за правење колачиња, на пр. „Прво пекарот го сука тестото." Детето кое што стои треба да го исука тестото на грбот од детето пред него. „Кога тестото е рамно тогаш пекарот ги прави колачите. Тој користи разни форми." Детето кое што стои црта разни форми на грбот од детето пред него. Другото дете треба да погоди кои се формите. „Потоа ги ставаме колачите во рерна". Детето кое што стои ги става двете дланки на грбот од другото дете за да ги помести колачињата. „По некое време колачињата се готови. Пекарот ги вади од рерната". Детето кое стои треба да дува во колачињата за да се изладат.



3

СОРАБОТКА ВО ПАР

# Скулптор и скулпторка

Едно од децата претставува „мермерен блок“ кој што треба да се обликува. Стои без да се движи Другото дете е „скулпторот“. Првиот чекор е да ја креира скулптурата. Со поместување на детето во разни позиции се креира саканата скулптура. Потоа децата си ги менуваат улогите.



## Погоди како се чувствувам

Децата стојат во круг. Наставникот му шепнува некое чувство на едно од децата. Детето прави мимики за да го покаже тоа чувство а останатите треба да го погодат. Потоа тоа дете шепнува чувство на некое од другите деца во кругот.





## Лансирање на ракета

Сите деца седат во круг. Тие се астронаути. Ракетата се лансира (со плескање на рацете од нивните бедра). Ракетата се пали (плескањето станува побрзо). Ракетата полетува кон небото (децата рипнуваат од нивните столчиња и ги креваат рацете во вис). Варијации: Пред почетокот наставникот може да изброи од 10 до 0 заедно со децата.



## Грмотевица

Сите стојат тивко во круг. Наставникот прави звук како грмотевица која се приближува. Детето лево од него треба да го повтори звукот, кој потоа се пренесува во кругот од дете на дете. Наставникот го поддржува звукот со опис на грмотевицата која се наближува. Протријте ги рацете за да добиете звук на ветер, плеснете со прстите за дождовни капки кои паѓаат, удрете по бедрата за пороен дожд, удрете со стапалата за грмотевица и громови. Грмотевицата сега го достигна својот врв и полека се смирува. Повторете ги истите звуци station наназад се додека сонцето не огрее повторно.



## Топли сончеви раце

Децата седат во круг со очите затворени. Наставникот ја има улогата на топло сонце кое ги буди децата едно по едно. Тој ги протрива своите дланки за да бидат топли и потоа ги става на грбот од секое дете. Секој кој што бил разбуден од сонцето станува и се враќа во својата клупа.

# Програма за фитнес на чувствата

**1.**
Наставникот и децата глумат, пеат и играат на песна за чувствата. Наставникот дискутира со децата каков ефект имаат разни чувства врз изгледот и начинот на движење на една личност.

**2.**
Децата застануваат во круг. Наставникот претставува програма за фитнес на чувствата. Тој е тренерот по фитнес, а децата ги имитираат неговите движења. На почетокот децата го коментираат тоа што го прават, а потоа ги имитираат само движењата без да зборуваат.

**3.**
Во кругот, неколку од децата прават своја програма за фитнес на чувствата.

| ЧУВСТВО | МОЖНО ДВИЖЕЊЕ |
|---|---|
| Јас сум силен | Застанете на земја со двете стапала одвоени. Рацете ви паѓаат лесно на страна. |
| Страв ми е | Повлечете ги рамениците нагоре. Широко отворете ги очите. Малку подотворете ја устата. Ставете ги рацете пред вас во одбранбен став. |
| Јас сум храбар | Застанете на земја со двете стапала одвоени. Грбот ви е исправен. Ставете ги дланките на колковите. |
| Јас сум тажен | Стоите со подгрбавени раменици. Рацете ви висат надолу. Гледате во земја. |
| Се тешам себеси | Ги ставате рацете околу себе во форма на прегратка. |
| Јас сум среќен | Ги кревате рацете во воздух и викате „јееееее"! |
| Јас сум лут | Удирате со стапалото по земја, зачкрипувате со забите и погледнувате налутено. Правите тупаница со раката. |
| Јас сум многу среќен | Ги кревате рацете во воздух, скокате горе – долу неколку пати и викате „јееее"! |
| Се гордеам со себеси | Се потчукнувате себеси по рамо, бидејќи сте направиле нешто добро. Градите ви се истакнати нанапред. |

# Глава и рамена

**1.**
Песна за загревање „Глава и рамена“:
Пејте ја песната заедно со децата и правете ги движењата (текст и музика на страна 26).

**2.**
Децата стојат во круг.

**3.**
Наставникот почнува да ги претставува движењата на телото, на пр.:

- Допирање на стапалата со дланките (без да се свитка колената)
- Допирање на левото рамо со прст од десната рака со посегнување на раката преку глава со цел да се истегнете

**4.**
Едно од децата продолжува со презентирање на движењата, а останатите го следат.

**5.**
Прашајте неколку од децата како се чувствуваат по песната.

**6.**
Повторете ја песната уште еднаш.





## ПЕСНА:
# Глава и рамена
(Head and shoulders)




## КОГА ПЕЕТЕ ПРАВЕТЕ ГИ СЛЕДНИТЕ ДВИЖЕЊА:

Head (глава): покажете на главата
Shoulders (рамена): покажете на рамената
Knees (колена): покажете на колената
Toes (прсти на нозете): покажете на прстите на нозете
Eyes (очи): покажете на очите
Ears (уши): покажете на ушите
Mouth (уста): покажете на устата
Nose (нос): покажете на носот

# Буткање на кутии

Неколку картонски цилиндри од тоалетна хартија се поставуваат на маса. Секое од децата се обидува да ги бутне со топка направена од хартија (стар весник). Децата на страна со линија можат да си ја бележат секоја победа.



# Камена Боциа

1. Наставникот држи три каменчиња во раката и им чита поема на децата:

   **Моите убави каменчиња**
   Имам три каменчиња убави и кружни.
   Тие не изгледаат исто.
   Тие ми се омилените од сите што ги имам најдено.
   Со нив ќе играме игра.

2. Наставникот излегува надвор со децата да соберат каменчиња (по три за секое дете). Кога ќе се вратат во училницата се подготвуваат боја, вода и четки за сликање. Децата обојуваат две каменчиња во иста боја. Третото камче има друга боја. Наставникот на каменчињата со траен маркер ги пишува имињата на децата.

3. Тие ја играат играта „Боциа". На почеток, сите почнуваат да играат сами. Каменчето со поинаква боја се фрла пред детето. Потоа оние камчиња со иста боја се фрлаат што е можно поблиску до првото. Каменчињата со иста боја мора да се фрлат што е можно поблиску до она со различна боја. Децата потоа играат во парови. Кој ќе победи? Правилата се дискутираат: нема фрлање по други деца, најдалеку се фрла неколку метри пред детето, не се фрла премногу силно итн.

4. По 15 минути играње децата седнуваат во круг со нивните каменчиња. Ги држат во своите раце. Наставникот ја рецитира поемата уште еднаш. Децата ја рецитираат заедно со него.



## 5
## ФИЗИЧКА АКТИВНОСТ




Име

| | |
|---|---|
| | |
| | |
| | |
| | |
| | |
| | |
| | |
| | |
| | |
| | |

Име

| | |
|---|---|
| | |
| | |
| | |
| | |
| | |
| | |
| | |
| | |
| | |
| | |

# Фрлање топки во кутија

Децата се обидуваат да фрлаат со топки во кутија.
Секое дете ги добива топките од целата група.
Што повеќе топки се фрлат во кутијата, толку повеќе
поени се добиваат.

